**НАЏАКОВ, Мирко**
УДК: 347.426.4/.6:340.13(497.7)

# КОНЦЕПТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СПРАВЕДЛИВ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ ИЛИ ТЕЖОК ИНВАЛИДИТЕТ НА БЛИСКО ЛИЦЕ

**Апстракт**

Во овој труд ќе биде изложена нематеријалната штета низ историјата, мал дел за компаративното регулирање на оваа материја, понатаму како домашното законодавство ја регулира и за крај мој заклучок односно мое видување на овој вид од облигации.

**Клучни зборови:** *нематеријална штета, оштетен, штетник, нематеријално надоместување, материјално надоместување, физичка болка и душевни болки, повреда на лични права.*

**NADZAKOV Mirko**
UDK: 347.426.4/.6:340.13(497.7)

# CONCEPT OF INTANGIBLE DAMAGE WITH SPECIAL REFERENCE TO FAIR MONETARY COMPENSATION IN CASE OF DEATH OR SEVERE DISABILITY OF A RELATIVE PERSON

**Abstract:** In this seminar paper the non-pecuniary damage throughout history will be exposed, a small part about comparative regulation of this matter, further how the domestic legislation regulates it and finally my conclusion my view of this type of bonds.

**Key words:** Non-pecuniary damage, damaged, pest, non-pecuniary compensation, pecuniary compensation, physical pain, emotional pain, violation of personal rights.

## ВОВЕД

Човекот уште кога живеел во првобитната заедница нанесувал и му било нанесувано некаков вид на штета. Иако во овие периоди не можеме да зборуваме дека бил познат институтот нематеријална штета, сепак човекот секојдневно несвесно се сретнувал со ваквиот вид на штета која е предизвикана од друг. Впрочем за да можеме да го разбереме овој вид на штета потребно е да дадеме некакво поимно објаснување. За да и најголемиот лаик во правото да може да разбере за што всушност станува збор кога го сретнува овој правен институт – нематеријална штета, морам да објаснам дека нематеријалната

штета претставува повреда на личните и неимотните добра на човекот како на пример: животот, здравјето, физичкиот и психичкиот интегритет, слободата, честа, угледот, достоинство и др. Оваа општа определба доколку ја конкретизираме значи дека оштетениот се наоѓа во состојба на страв, одредени душевни болки поради некој настан и секако физички болки.

Во правната теорија низ историјата разни правни теоретичари ја опишувале нематеријалната штета. Иако е опишана (дефинирана) на разни начини сепак сите дадени дефиниции и објаснувања одат кон една поента, а тоа е дека нематеријалната штета ги погодува, односно ги загрозува и нарушува личните права на човекот (граѓанинот) опишани и признати во огромен број на меѓународни конвенции и национални закони кои ги гарантираат и штитат овие права како неотуѓиви (права кои не се пренесуваат).

Човековите заедници од историјата се обидувале на разни начини да го заштитат физичкиот и телесниот интегритет на човекот. Низ историјата можеме да сретнеме огромен број правни акти кои го казнуваат сторителот доколку го повредил телесниот интегритет. Но во овој случај се мисли на некаков низ на казнени закони кои го казнувале сторителот. Многу подоцна со развитокот на државата и стапувањето на пософистицирани правни акти, на човекот или граѓанинот им е овозможено да им биде надоместена штетата со повреда на личните добра(права). На почетокот вакви решенија се овозможувале само при повреда на телото на оштетениот, додека подоцна со развојот на современите правни решенија и модерни закони се овозможува надоместок и за повреда на психичкиот интегритет на човекот и граѓанинот. До овој момент најчесто оштетените кои претрпувале каков било тип на повреда на психичкиот интегритет и здравје не биле обесштетувани за претрпените душевни болки, штетата останувала ненадоместена, односно оштетениот сам си ја поднесувал душевната болка и штетните последници од неа. Низ историјата луѓето кои претрпувале ваков вид на штета се свртувале кон религиозни верувања за полесно надминување на неа.

## Компаративен преглед на нематеријалната штета

Прво регулирање на нематеријалната штета се забележува во Римското право во познатиот Lex Aquilia со кој била уредена граѓанската одговорност за штета причинета на одредени предмети и животни. Земскиот законик дава прва законска дефиниција на штета како „влошување на состојбата на еден човек во погледа на неговото тело, слобода, чест или углед". Австрискиот граѓански законик е втор законски акт низ историјата кој штетата ја дефинира како повреда нанесена на имот, права или **личност на оштетениот**[1]. По нив сите значајни граѓански законици ја вметнуваат во себе и ја регулираат нематеријалната штета. Во овој дел вреди да се споменат дел од граѓанските законици и закони кои за прв пат го регулираат овој дотогаш непознат дел

[1] Галев,Г., Дабовиќ-Атанасовска, Ј.,(2009) Облигационо право, ЦЕППЕ, Скопје, стр.646.

на оштетното право, а воедно и на облигационото право како најголема гранка од граѓанското право.

Како прв законик од современите правни системи е австрискиот Општ граѓански законик од 1811 кој ја регулира и нематеријалната штета „Штета се нарекува секое оштетување причинето на нечиј имот, права или **нечија личност**. Постоењето на **нематеријална штета** во одредени случаи е правно релевантно и повлекува одговорност“[2]. Во овој закон може да се увиде дека нематеријалната штета ја определува како **оштетување на нечија личност**, што значи дека овој законик донесен уште во седумнаесеттиот век  се определува за поновиот начин на определување на нематеријалната штета, а тоа е повреда на личните права, како што денес впрочем е регулирано во ЗОО во нашето законодавство. Исто така, овој член на Австрискиот законик можеме да го толкуваме дека постои едно општо правило за надомест на нематеријалната штета, односно однапред не се определени случаите (бројот и видот) кај кои само е допуштен надоместот на нематеријалната штета. Вредно е да се спомене Српскиот граѓански законик од 1844 во кој е регулирано дека „Мора да се надомести и онаа штета која настанува **со повреда на слободата, честа, угледот или сопственоста на некој друг“**. Во овој законик по кој е градено и нашето граѓанско законодавство подоцна е пример за казуистички начин на набројување (законски претходно определување на случаите на надомест на нематеријална штета). Во овој законик се регулира и една посебен случај на право на надомест на нематеријална штета, а тоа е обврската да се надомести нематеријална штета која се состои во вид на претрпени болки.[3]

**Концептот на нематеријална штета во македонското право**

Нематеријална штета во Законот за облигациони односи од 2001 година (Сл. весник на РМ бр.18/01, 78/01) беше вметната заедно со материјалната штета во членот 142 каде беше определено дека “Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и **нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета**)”. Ваквиот начин на определување со “**нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв”** од денешен правен аспект не треба да претставува правно решение за основите за надомест на нематеријална штета. Заради доближување до европските, односно модерните правни тенденции мораа да се случат промени на планот на нематеријалната штета. Така со Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на ЗОО од 2008 година (Сл. весник на  РМ бр. 84/08) концептот на нематеријалната штета во македонското право значително се измени. Сега штетата е определена како намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист), како и **повреда на личните права (нематеријална штета)**. Значи разликата се гледа дека во Новелата од 2008 е дадено простор за широко толкување на повредата на личните права. Односно, случаите кои правно ги заштитува

[2] Австриски Општ граѓански законик од 1811 година, чл.1293
[3] Во врска со компаративната анализа за нематеријална штета, види повеќе на https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFL/article/view/185/185, Концепт на нематеријална штета-правна регулатива и правни тенденции од м-р Марија Радевска, стр.147-162

оваа нова измена не се однапред утврдени како во ЗОО од 2001, што е огромна предност. Со ваква измена во Законот се дава можност и голема заштита на секое право кое може да се подведе под лично право (непреносливо), а не само таксативно наброените случаи од ЗОО од 2001 година. Исто така, во Новелата од 2008 година е вметнат нов член кој недвосмислено кажува како се надоместува штетата. Далеку од тоа дека во ЗОО од 2001 не беше јасно дека се зборува за овие два вида на надоместок, но нивното додавање во Новелата од теоретско на законско пропишување беше од значење.

Во Новелата во овој член, чл.187-а стои дека „Нематеријалната штета се **надоместува нематеријално (морална сатисфакција**) и **материјално (материјална сатисфакција**) во случаите предвидени со закон“. Основно правило е дека нематеријалната штета се надоместува нематеријално. Па вториот вид (облик) на надомест е материјалниот надомест на нематеријална штета каде се досудува паричен надоместок кој нема функција на компензација, туку на сатисфакција – овозможување на некои други задоволства поради претрпените повреди, а надоместот може да ја опфати и веќе настанатата (сегашна) штета, но и идната нематеријална штета.[4]

**Нематеријално надоместување на нематеријална штета**

Ваквиот вид на надоместување на нематеријална штета е возможен само во случај кога може да се воспостави состојбата којашто постоела пред настанувањето на штетата. Законот за облигациони односи за овој вид на надоместок го дава решението дека: „Во случај на повреда на личните права оштетениот може да бара, а судот да нареди на трошок на штетникот, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок“. Ваквото надоместување, со оглед на тоа дека на оштетениот му дава определено морално задоволување, во теоријата се нарекува **морална сатисфакција[5].** Иако нематеријалното надоместување на нематеријалната штета треба да подразбира враќање на работите во поранешната состојба, односно какви што биле пред повредата на личните права на оштетениот, сепак решението на ЗОО не нè води кон воспоставување на состојбата што постоела пред да настане нематеријалната штета.

**Материјално надоместување на нематеријална штета**

Материјалното надомесување во ЗОО е правно решено со терминот „справедлив паричен надоместок“ кој се состои од обврската оштетениот да плати определена сума на пари на оштетениот, бидејќи не е можно враќање во претходната состојба. Дали и колкав ќе биде паричниот надоместок кој ќе го добие оштетениот го цени судот во секој конкретен случај. При одлучувањето за барањето за справедлив

[4] Амповска, М. (2022). Облигационо право – Општ дел. Универзитет "Гоце Делчев" - Штип
[5] Проф. Д-р Гале Галев и Проф.Д-р Јадранка Дабовиќ-Атанасовска : "Облигационо право", 2008 год, стр.643.

паричен надоместок судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со кои биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествена цел.[6] ЗОО предвидува и справедлив паричен надоместок во случај на смрт или тежок инвалидитет каде судот може да им досуди ваков надоместок на брачниот другар, децата и родителите. Таквиот надоместок може да им се досуди и на вонбрачниот партнер, браќата и сестрите, бабите и дедовците и  внуците доколку помеѓу нив и оштетениот постоела потрајна животна заедница. Ваков надоместок ги следува и родителите во случај на загуба на зачнатото, но нероденото бебе (fetus).[7] Право на справедлив паричен надоместок за нематеријална штета има лицето спрема кое со измама, со принуда или со злоупотреба на некој однос на потчинетост или зависност е извршено некое кривично дело против половата слобода и половиот морал.[8] Законот предвидува можност и за надомест на идна штета. Судот на барање на оштетениот ќе досуди паричен надомест и за идна нематеријална штета ако според редовниот тек е извесно дека таа ќе трае и во иднина.[9]

Теоријата зборува за посебен вид на ограничувања кај паричното надоместување на нематеријална штета.

- Ограничување на надоместот на штета само на случаите кога штетата е причинета со вина.
- Ограничување на надоместот на штета само во рамките на вондоговорната одговорност, односно непостоење правна можност паричен надомест на нематеријална штета да се бара во случај на договорна одговорност.
- Ограничување на надоместот на штета само на случаите кога нематеријалната штета е значајна(судот да досуди паричен надомест на нематеријалната штета само доколку смета дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење, го оправдуваат ваквиот надомест).[10]

## ЗАКЛУЧОК

Законодавството потпомогнато од правните теорија и правните научници трпи сериозни промени во историјата и денес. Од момент кога ваквата штета ја трпеле и поднесувале само оштетените, правната наука со својот огромен импакт во оваа област даде можност нематеријалната штета да биде на некој вид надоместена.

Правните акти (закони) кои ја регулираат оваа материја во компаративното и во домашното законодавство ги оценувам позитивно, но и покрај личниот позитивен став кон сегашните правни решенија, сметам дека овој дел во облигационото право мора во иднина да даде нови решенија. Иако, правната наука стигнала од момент на ненадоместување на нематеријална штета, до момент даде можност за парично и

[6] Чл.189 од ЗОО
[7] Чл.190 од ЗОО
[8] Чл.191 од ЗОО
[9] Чл. 192 од ЗОО
[10] Радишиќ Ј. Облигационо право – Општи део, 2018 стр.323

морално надоместување на неа што е голем исчекор напред кон зачувување на правата на оштетениот. Сепак мислам и сметам дека во иднина правните решенија треба да ги надминуваат решенијата на паричен надоместок. Изнесувам критика во однос на справедливиот паричен надоместок во случај на смрт или тежок инвалидитет, бидејќи реално гледано, дали родителите или другите лица опишани во членот 190 од ЗОО ги сметате за реално надоместени со паричното и моралното надоместување, односно сатисфакција додека кај нивиот син или роднина настапила смрт или тежок инвалидитет како резултат на противправното дејствие? Не сметам дека овозможувањето на некои други задоволства со парично надоместување и јавно извинување реално ја задоволуваат правдата и надоместуваат штетата. Не може кај најблиските роднини на починатото лице паричните средства кои се добиени по овој основ ќе ги искористат да уживаат во нив. Од психолошка гледна точка, овие парични средства за просечен граѓанин е морално неисправно да си овозможува задоволства за сметка на починато лице или лице со тежок инвалидитет.

Затоа сметам дека, иако е постигнат огромен напредок на ова поле од нерегулирање до парично надоместување, сепак правната наука тука не треба и не смее во ниеден случај да запре во изнаоѓањето на нови правни решенија кои ќе ја унапредат состојбата на оштетените лица и лицата од поблиското семејство. Воедно тоа ми е и целта, односно укажување на правните теоритичари за изнаоѓање на нови форми на надомест на ваков тип на штета. Крајната цел на овој труд е да се создаде еден нов концепт која ќе го отфрли материјалното надоместување на нематеријална штета каде што штетата е предизвикана со смрт или тежок инвалидитет на лице зад неа и ќе понуди модерни нови решенија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Амповска, М. (2022). Облигационо право – Општ дел. Универзитет "Гоце Делчев" – Штип.

Галев Г. и Дабовиќ-Атанасовска Ј. (2008) Облигационо право.

Закон за изменување и дополнување на ЗОО (Службен весник на РМ, бр. 84 од 11.07.2008 година)

Закон за облигациони односи (Сл. весник на РМакедонија бр. и, Сл. весник на Република С. Македонија бр.18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13)

Радевска М. (2010) Концепт на нематеријална штета-правна регулатива и правни тенденции. Годишен зборник – 2010 година, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип.

Радишиќ Ј. (2018) Облигационо право – Општи део.